Согласно член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на ЕЛС, ("Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07, бр.156/09, бр.47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија" 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24), член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Делчево (Службен гласник на Општина Делчево бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на продолжението на 42-та седница на Советот на Општина Делчево одржана на дел 30.12.2024 година донесе

# БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА 2025 ГОДИНА

Со буџетскиот календар за 2025 година се определуваат роковите, активностите и одговорноста во донесувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година како што следува:

| Датум | Буџетски активности | Одговорност | Закон |
|---|---|---|---|
| **Месец септември** | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар со насоки за изготвување на Предлог-буџетот за наредната година и висината на дотациите од буџетот на РСМ. | Министер за финансии | Закон за буџети<br><br>Закон за финансирање на ЕЛС |
| **Октомври** | Градоначалникот и раководителите на одделенијата вршат анализа на фискалниот капацитет на општината и комуникација со секој од клучните фактори во општината со цел утврдување на потребите (буџетски трошења) во контекст на нивните планирани активности и ги одредуваат приоритетите и проектите при изготвувањето на Предлог-годишните програми за реализација во наредната година.<br><br>-Се доставува општински буџетски циркулар со образложение за потребните средства до општинските буџетски корисници за изготвување на финансиските планови. | Градоначалник<br><br>Раководители на одделенија/ сектори<br><br>Општински буџетски корисници | Закон за финансирање на ЕЛС |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **20 Октомври** | Се изготвува и доставува Предлог-план на програми за развој до Советот на општината. | Раководители на одделенија<br><br>Градоначалник | Закон за буџети |
| **Ноември** | Општинските буџетски корисници и одговорните одделенија за подготовка на Годишните програми ги достасуваат предлог-пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции. Одделението за финансиски прашања врши преговарање и анализирање на доставените предлог-пресметки и ги одредува приоритетите и одредбите за новиот Предлог-буџет.<br><br>-Организирање на буџетски форуми со граѓаните, невладините организации,спортски здруженија,месни и урбани заедници и други засегнати страни. | Општински буџетски корисници<br><br>Општинска Администрација<br><br>Одделение за финансиски прашања | |
| **Најдоцна до 15-ти ноември** | Се финализираат, разгледуваат и усвојуваат Планот на програми за развој и Годишните програми за наредната фискална година | Градоначалник<br><br>Совет на општина | Закон за буџети |
| **Крај на ноември** | -Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог-буџетот за наредната година подготвен од страна на финансискиот оддел на општината и го споделува со јавноста;<br><br>-Се води јавна расправа од Советот на општината, НВО, Здруженија на граѓани, Месни заедници и заинтересирани граѓани и доколку има издржана сугестија истата се имплементира пред доставување на Предлог-буџетот до Советот. | Одделение за финансиски прашања<br><br>Градоначалник<br><br>Совет на општина<br><br>Јавни расправи | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Декември** | -Градоначалникот го доставува конечниот Предлог-Буџет до Советот.<br><br>-Телата на Советот на општината водат расправа по доставениот Предлог-буџет. | Градоначалник<br><br>Комисија за финансирање и буџет | |
| **Крај на декември** | Седница на Советот на општината за донесување на:<br>- Буџетот за наредната буџетска година;<br>- Одлука за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година;<br>- Буџетски календар на Општина Делчево за 2025 година;<br>- Одлука за времено финансирање согласно чл.28 став 2 од Законот за финансирање на ЕЛС, доколку Советот не го усвои Предлог-буџетот. | Совет на општина | Закон за финансирање на ЕЛС |

**Член 2**

Со влегување во сила на овој Буџетски календар престанува да важи Буџетскиот календар за 2024 година со бр.09-2565/1 од 31.12.2023 година.

**Член 3**

Буџетскиот календар на Општина Делчево за 2025 година влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник на Општина Делчево".

Бр. 09-2064/1
30.12.2024
Делчево

Претседател на Советот на Општина Делчево
Гоце Попов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СОВЕТ НА ОПШТИНАТА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО